HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ОКТОМВРИ

2025

# МЕСЕЧНИК ЗА СОСТОЈБИТЕ СО ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

**Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Содржината е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права Скопје и не ги отсликува ставовите на Европската Унија.**

Funded by the European Union

ЕУ со ТЕБЕ

Фундаменталните човекови права на прво место: Активен придонес за владеење на правото

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Содржината на овој продукт е единствена одговорност на Хелсиншкиот комитет за човекови права и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

# СОДРЖИНА

01

вовед

02

говор на омраза

03

дела од омраза

04

затворени институции

05

бесплатна правна помош

06

Подобрување на условите во женското одделение – Тетово

# ВОВЕД

Во месецот кога се одржа првиот круг на Локалните избори во Република Северна Македонија, Хелсиншкиот комитет за човекови права спроведе кампања „Фер избори – силна демократија“ во чии рамки на социјалните мрежи беа објавени вкупно десет објави во кои граѓаните се повикуваа да пријават говор омраза во текот на предизборната кампања и локалните избори 2025.

Хелсиншки комитет за човекови права го следеше засилувањето на говорот на омраза во јавниот простор и на социјалните мрежи во периодот пред локалните избори во Република Северна Македонија.

Хелсиншкиот комитет издаде соопштение за јавност во кое нагласи дека говорот на омраза не е израз на демократско право на слободен говор – тој претставува сериозна закана за човековите права, општествената кохезија и демократскиот процес. Особено е алармантна тенденцијата политички актери и јавни личности да го користат или да го толерираат овој вид реторика за политичка мобилизација, со што директно се поттикнуваат тензии меѓу различни заедници.

# ВОВЕД

Дополнително, кандидатките за градоначалнички и советнички се соочуваат со сериозни општествени предизвици, меѓу кои најизразен е говорот на омраза и родово базираното насилство во јавниот простор и на социјалните мрежи. Кандидатките, многу почесто од мажите, се цел на сексистички и омаловажувачки коментари, навреди и напади на лична основа, а не врз основа на нивните политички ставови или програми.

Хелсиншкиот комитет за човекови права најостро реагираше на сè почестите случаи на злоупотреба на деца и малолетници во политички активности во пресрет на претстојните локални избори. Пред завршувањето на официјалната изборна кампања, на социјалните мрежи можеа да се забележат многубројни фотографии и видеа каде што децата се злоупотребени за политички цели од страна на кандидати и нивните поддржувачи.

# ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО ОКТОМВРИ 2025




**Во текот на октомври 2025 година, на веб-платформата www.govornaomraza.mk беа регистрирани вкупно 107 случаи, од кои 50 (35 %) врз основа на етничка припадност и 35 случаи (24 %) врз основа на национална припадност и 29 случаи (20 %) врз основа на политичка припадност, 9 (6 %) случаи поради сексуална ориентација и родов идентитет и 8 случаи (6 %) поради пол и род што содржат елементи на говор на омраза, поттикнување и повикување на дискриминација и вознемирување.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ОКТОМВРИ 2025

**Месецот во кој се одржаа првиот и вториот круг од локалните избори резултираше со повеќе од двојно зголемен обем на говор на омраза во однос на претходниот период. Забележан беше интензивиран говор на омраза меѓу двете најголеми етнички заедници – македонската и албанската – како и говор на омраза насочен кон ромската заедница. Поларизацијата во општеството беше јасно видлива и преку честите меѓусебни квалификации, како што се „предавници“ и „патриоти“, што дополнително придонесе за зголемување на говорот на омраза врз основа на политичко уверување.**

**Во октомври, навивачката група „Балисти“, по победата на фудбалската репрезентација на Албанија над Србија, ја прослави победата со ширење говор на омраза на етничка и национална основа, поради што Хелсиншкиот комитет поднесе пријава до Министерството за внатрешни работи.**

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Драстично зголемување на говорот на омраза
2. Во месецот на локалните избори е регистрирано повеќе од двојно зголемување на говорот на омраза во однос на претходниот период, што укажува на силно влијание на изборните процеси врз онлајн и офлајн комуникацијата.
3. Етничката поларизација е доминантна
4. Најголем дел од говорот на омраза е насочен меѓу македонската и албанската заедница, со дополнителни зголемени напади кон ромската заедница. Ова ја потврдува високата чувствителност на меѓуетничките односи во време на политичка мобилизација.
5. Спортските настани како катализатор на националистички искази
6. Случајот со навивачката група „Балисти“ покажува дека спортските настани често се користат за ширење навредливи и националистички пораки, со потенцијал да предизвикаат дополнителни тензии.
7. Институционалниот одговор е потребен и важен
8. Поднесената пријава од Хелсиншкиот комитет укажува на потребата за активен институционален пристап во спречување и санкционирање на говорот на омраза.

# СОСТОЈБАТА СО ГОВОРОТ НА ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - 2025 ГОДИНА

## ПРЕПОРАКИ

1. Засилен мониторинг за време на изборни процеси
2. Изборните периоди се високоризични и бараат поинтензивно следење на онлајн просторот од страна на граѓански организации и институции.
3. Проактивни кампањи за намалување на меѓуетничките тензии
4. Потребни се јавни кампањи за промовирање толеранција и заедништво, со фокус на младите, навивачките групи и онлајн заедниците.
5. Посилна реакција од институциите
6. Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство треба да постапуваат побрзо и поефикасно по пријави за говор на омраза, со јавна транспарентност за постапките.
7. Инклузивни програми за работа со навивачки групи
8. Развивање програми за спортска култура, ненасилно навивање и градење позитивни навивачки пораки за да се намали ризикот од националистички испади.

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

**Во текот на октомври 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права регистрираше 5 потенцијални инциденти со пристрасен мотив, од кои за најголем дел, во согласност со другите индикатори (локација, начин на извршување, инволвираност на малолетници и средношколци и сл.) постои разумно верување дека се сторени поради етничката припадност на жртвата, односно на сторителот. Имено, станува збор за еден потенцијален инцидент врз основа на етничка припадност и еден инцидент каде што жртвата има статус на мигрант. Според видот, сите инциденти содржат насилство. Во три случаи, како жртви и како сторители се јавуваат малолетници. Една кривична пријава е поднесена поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство“, каде што има потенцијални пристрасни индикатори врз основа на етничка припадност.**

**Потенцијалните инциденти се вклучени во извештајот затоа што се поврзани со ситуации каде што според другите индикатори постои основа за верување дека овие инциденти се пристрасно мотивирани. Меѓу овие пристрасни индикатори се перцепција на жртва/сведок; коментирање на самото место; разлика помеѓу жртвата и сторителот на етничка основа; модел/зачестеност на претходни инциденти; природа на насилството; отсуство на други мотиви; и место и време.**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

**Поточно, потенцијалните инциденти се вклучени во овој извештај поради добиените информации за местото (пример: етнички мешана населба или училиште, автобуски линии користени од припадници на различни етнички заедници, места каде што во минатото се случувале злосторства од омраза), видот (пример: поголема група малолетници напаѓаат една или повеќе жртви без никаква провокација, групни пресметки, напади во автобуси или на автобуски постојки), времето (пример: по претходни пресметки како форма на одмазда, по училиште, за време на, или по спортски натпревар) и оштетениот имот за време на инцидентот (пример: места на религиозни обреди).**

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Зголемениот број инциденти каде што и како жртви и како сторители се јавуваат малолетници укажува на порастот на тензии меѓу младата популација, особено во етнички мешани средини. Овој тренд бара итно внимание и координиран пристап меѓу училиштата, родителите и институциите.

2. Според анализираните случаи, факторите како што се етничката различност помеѓу учесниците, местото и времето на инцидентите, моделите од претходни настани и коментарите на самото место укажуваат на разумна основа за сомневање дека дел од инцидентите се пристрасно мотивирани. Ова ја потенцира потребата од систематско следење, навремено процесирање и институционално признавање на делата од омраза.

# СОСТОЈБАТА СО ДЕЛАТА ОД ОМРАЗА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

## ПРЕПОРАКИ

- Имајќи го предвид фактот дека и натаму голем дел од инцидентите се случуваат во училишни средини и јавен превоз, се препорачува зголемено присуство на училишни психолози, педагози, дежурни наставници, како и редовни патроли на Министерството за внатрешни работи на критичните локации и автобуски линии. Ова би овозможило рана детекција на ризични ситуации и брза интервенција со цел спречување ескалација.

- Се препорачува спроведување обуки за наставниот кадар, полицијата и за локалната заедница со цел подобро препознавање пристрасни индикатори, правилно известување и соодветно процесирање потенцијални дела од омраза. Овие обуки треба да вклучат техники за работа со малолетници, медијација и деескалација.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

Во текот на октомври 2025 година, Хелсиншкиот комитет за човекови права во рамките на програмата за бесплатна правна помош, како и проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции“ финансиран од Европската Унија, обезбедија:

- Бесплатна правна помош за едно дете во судир со законот;
- Бесплатна правна помош за три осудени лица;
- Посети во Јавната установа за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение – Скопје;
- Посети во ЈУ Специјален завод Демир Капија и станбените единици.

Краток преглед на обезбедени правни услуги

Бесплатна правна помош

- Преглед на законската регулатива и дадени правни совети.
- Поднесени барања за слободен пристап до информации до надлежните институции.
- Обезбедени правни информации, совети и упатувања на странките.

Проектни активности во ЈУ за згрижување деца со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение – Скопје

- Посетивме три организациски единици што згрижуваат деца и млади со воспитно-социјални проблеми и нарушено поведение.
- Остваривме средби со стручните служби и воспитувачите со цел да се идентификуваат главните предизвици и потреби на децата.

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

**ЈУ Специјален завод Демир Капија и станбените единици**

- **Посетивме осум станбени единици во Демир Капија и четири станбени единици во Неготино.**
- **Реализирана беше посета и на централната установа – Специјалниот завод.**
- **Дополнително, оствививме средби со медицинскиот персонал, стручната служба и директорката на установата каде што беа евидентирани потребите за подобрување на пристапноста, услугите за поддршка и квалитетот на згрижувањето.**

**4. Заклучоци и препораки**

**Посетите на станбените единици на ЈУ Специјален завод Демир Капија и Неготино ја покажаа реалната состојба на установите. Иако станбените единици обезбедуваат услови и грижа за штитениците, Специјалниот завод е во лоша состојба, особено одделот „Ц“, што го ограничува квалитетното згрижување на корисниците.**

**За да се овозможи достоинствено и безбедно живеење, како и континуирана професионална грижа на штитениците во Демир Капија и во Неготино, се препорачува:**

- **Продолжување на процесот на деинституционализација и селење на корисниците од Специјалниот завод во нови, функционални и безбедни простории.**
- **Зголемување на стручниот кадар – дефектолози, физиотерапевти и детски психолози – за непречена грижа и поддршка на децата и младите.**
- **Редовна здравствена и психијатриска грижа – ревизија на лековите и редовни прегледи од детски психијатар за навремено следење на потребите на корисниците.**
- **Формирање меѓуинституционална соработка за услуги во заедница меѓу станбените единици и локалните здравствени и социјални служби, со цел континуирана поддршка на лицата сместени во станбените единици и нивна социјална интеграција.**

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

**Посетите на организациските единици за деца во Скопје покажаа дека условите генерално се задоволителни, со добро опремени простории и доволно простор за основни активности. Сепак, во некои куќи има простор за доуредување на просториите, со цел да се подобрат функционалноста и удобноста на децата. Вработените се посветени и професионални, но дел од нив покажуваат знаци на „прегореност" поради високата работна оптовареност. Со цел подобро справување со предизвиците, особено при работа со деца што употребуваат дроги или имаат ризично однесување, се препорачува:**

- **Зголемување на бројот на вработени за намалување на работната оптовареност и обезбедување непречена грижа за секое дете.**
- **Обуки за справување со деца што употребуваат дроги и имаат ризично однесување, со цел зголемување на стручноста и психолошката поддршка од страна на персоналот.**
- **Доуредување на просториите во одредени единици за подобрување на условите за престој и активности на децата.**
- **Приспособување на џепарлакот на децата во согласност со инфлацијата и зголемените трошоци, со цел обезбедување соодветна финансиска поддршка и чувство на автономија кај децата.**

**Овие мерки ќе овозможат подобрување на условите за престој, поддршка на вработените и обезбедување поголема грижа и квалитетно секојдневие за децата.**

# СОСТОЈБАТА СО ЗАТВОРЕНИТЕ ИНСТИТУЦИИ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ - ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

- Во рамките на проектот се реализираше работилница за односот кон животните и природата со едукаторот Војо Иванов, која придонесе за анимација, развој на емпатија и позитивно искуство кај децата.
- Во текот на месецот беше обезбедено психо-социјално советување преку групни и индивидуални сесии, насочени кон поддршка на менталното здравје и личниот развој на децата.

4. Заклучоци и препораки

- Да се обезбедат континуитет и институционална поддршка за формално образование во установата согласно новите законски измени.
- Да се засили психо-социјалната поддршка преку постојано присуство на стручен тим (психолог, педагог, социјален работник и психијатар).
- Да се зголемат бројот и компетентноста на воспитувачите и затворската полицијата, со задолжителна иницијална обука при вработувањето.
- Да се воспостави услугата „куќа на половина пат“ за поддршка на децата по отпустот и да се зајакне поврзувањето со релевантните институции.
- Да се изврши преадаптација на просторот за формирање женски оддел во Воспитно-поправниот дом Тетово, со цел обезбедување услови за сместување девојчиња во согласност со меѓународните стандарди за заштита на правата на децата и принципот на физичка и програмска одделеност според пол.
- Да се продолжи со организирање тематски и креативни работилници што ги поттикнуваат емпатијата, довербата и социјалната инклузија на децата.

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – СЕПТЕМВРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| | | |
|---|---|---|
| БПП | 26 | |
| СПП | / | |
| Вкупно | 26 | |
| | Број | Проценти |
| Пол | | |
| Мажи | 9 | 35% |
| Жени | 17 | 65% |
| Етничка припадност | | |
| Македонци | 18 | 70% |
| Албанци | 4 | 15% |
| Роми | 1 | 4% |
| Странци | 1 | 4% |
| Географски региони | | |
| Скопски | 18 | 69% |
| Вардарски | 0 | 0 |
| Полошки | 1 | 4% |
| Пелагониски | 1 | 4% |
| Југозападен | 0 | 0 |
| Североисточен | 0 | 0 |
| Источен | 2 | 8% |
| Југоисточен | 0 | 0 |

# БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ, МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ – ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ

| Правни области | Број | Проценти |
|---|---|---|
| Имотно право | 1 | 4% |
| Социјална заштита и | 2 | 8% |
| Заштита на деца | 4 | 15% |
| Пензиско и инвалидско | 0 | 0 |
| Здравствено осигурување и | 0 | 0 |
| Работни односи | 4 | 15% |
| Родово базирано и семејно | 4 | 15% |
| Статусни прашања | 4 | 15% |
| Заштита на човековите | 5 | 19% |
| Други | 1 | 4% |

# ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ВО ЖЕНСКОТО ОДДЕЛЕНИЕ – ТЕТОВО

Во рамките на проектот „Зајакнување на човековите права и услуги за децата и ранливите лица во ризик во затворени институции", финансиран од Европската Унија, Хелсиншкиот комитет за човекови права спроведе активности за подобрување на условите во женското одделение на Воспитно-поправната установа Тетово. Одделението беше опремено со нов мебел, основна опрема, рекреативни средства и дополнителни ресурси со цел создавање побезбедна, подостоинствена и стимулирачка средина за женските лица што издржуваат воспитно-поправна мерка.
Подобрувањата директно придонесоа за подобрен квалитет на секојдневниот престој и за проширување на можностите за личен развој. Единствената корисничка во моментот го потврди позитивното влијание од интервенцијата, нагласувајќи дека условите се значително подобри од претходното сместување, со повеќе слобода на движење, пристап до активности и пријатно уредени заеднички простории.
Оваа активност претставува дел од пошироките заложби за унапредување на условите, заштита на човековите права и поддршка за децата и за другите ранливи групи сместени во затворени институции низ државата.